РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
Бр. 02-517/3
9 10 2019 год.
ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

**ООУ „Гоце Делчев“ Општина Аеродром**

Врз основа на член 108 од од Законот за основно образование (Сл. Весник на РСМ бр.161, од 5.8.2019г.)ООУ„ Гоце Делчев“ Општина Аеродром со Одлука на Училишниот одбор донесена на седница одржана на ден 9.10.2019 донесе:

## ПРАВИЛНИК ЗА КОРИСТЕЊЕ МОБИЛНИ УРЕДИ ЗА ВРЕМЕ НА НАСТАВАТА

Член 1

Овој Правилник го уредува начинот на користење на мобилните уреди, на пример мобилни телефони, ајфони, андроиди, таблети, паметни часовници (понатаму во текстот само мобилни уреди) за време на наставата како и мерките за санкционирање на неговото непочитување.

Член 2

Мобилните уреди не е дозволено да се користат за време на наставата.

Член 3

По исклучок на Член 2, со дозвола на наставникот, мобилните уреди може да ги користат ученици со здравствени проблеми и за време на наставата, но само во образовни цели.

Член 4

При влегување во училницата, учениците треба задолжително да ги остават мобилните уреди на точно определеното место од страна на одделенскиот раководител или предметниот наставник, на режим тивко. По завршувањето на часовите, мобилните уреди се подигнуваат.

Секој ученик е одговорен внимателно да ракува со својот мобилен уред. Наставникот не е одговорен доколку дојде до оштетување на мобилниот уред.

Член 5

Доколку ученикот го користи мобилниот уред за време на наставата без довола на наставникот, истиот ќе му биде одземен,ќе биде повикан родител и на потпис ќе му биде доставен (вратен) одземениот мобилен уред. Оваа мерка ќе се примени првпат кога ученикот не ги почитувал правилата за користење мобилни уреди.

Доколку ученикот, и покрај оваа мерка, продолжува да не ги почитува правилата за користење мобилни уреди, покрај мерката од Став 1 од овој член, се

постапува дополнително согласно член 72 од Законот за основното образование. На ученикот му се изрекува педагошка мерка по следниов редослед:

- Ако по вторпат истиот ученик не ги почитува правилата за користење мобилни уреди, ќе му биде изречена мерка **усна опомена** од раководителот на одделението.
- Ако по третпат истиот ученик не ги почитува правилата за користење мобилни уреди, ќе му биде изречена мерка **писмена опомена** од раководителот на одделението.
- Ако и по четврти пат истиот ученик не ги почитува правилата за користење мобилни уреди, ќе му биде изречена мерка **укор** која ја изрекува раководителот на одделението, Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и директорот.
- Ако и по петти пат истиот ученик не ги почитува правилата за користење мобилни уреди, ќе му биде изречена мерка **намалување на поведение** која ја изрекува Одделенскиот совет, Наставничкиот совет и директорот.

Член 6

Мерките од член 5 се применуваат и во случај кога ученикот ќе одбие да го предаде мобилниот уред.

Член 7

Копија од овој Правилник треба да се објави на видно место во секоја училница и на огласната табла на училиштето.

Член 8

Овој Правилник стапува во сила на денот на неговото донесување.

Претседател на Училишен одбор

____________________

Весна Василевска